ten und Gescholtenen" auf: „Er (der Mythos) wird an Leben gewinnen, und das Leben war das, was die Hetären am schönsten und anziehendsten verkörperten" (S. 28). Dem männlichen Blick des Autors auf einen ebenso faszinierenden wie ambivalenten Ausschnitt der Kulturgeschichte schließt sich der weibliche Blick der Rezensentin gerne an.

*Judith Rosen*
Institut für Geschichtswissenschaft
Bonn

ВЕРА БИТРАКОВА - ГРОЗДАНОВА [VERA BITRAKOVA - GROZDANOVA, *Голем Град – Преспа I* / *Golem Grad – Prespa I*, МАНУ – Данте [MASA and DANTE] Скопје 2011 [Skopje 2011]. Тврд повез, 320 страници со паралелен македонски и англиски текст, 103 слики, околу 130 ненумерирани скици и работни фотографии, 1 топографска карта.

Монографијата *Голем Град – Преспа* на академик Вера Битракова-Грозданова е онаа круна, завршница на едно макотрпно, археолошко патешествие со која би сакал да се закити секој археолог.

Археолошките проучувања се трновити и величествени. Почнуваат со рекогносцирање или изнаоѓање на локалитет кој ветува резултати. Тоа во случајов е во 1966 година кога овој бајковит, пуст остров го посетила академик Битракова.

Ќе звучи ирационално, но постои некоја чудесна синергија меѓу археологот и претпоставеното археолошко наоѓалиште. Интуитивно, доколку истражувачот е навистина создаден за големо дело, ќе се фати во костец со приликите – неприлики кои што го очекуваат.

А пустиот или „змиски" остров или *Град* или *Голем Град* или *Св. Петар*, ја имал среќата да ги отвори своите тајни наслојки пред една пожртвувана, упорна, учена и организирана личност која и покрај сите други обврски: професионални, педагошки, научнички и приватни, ќе остане верна на големата карпеста школка од која извлече грст бисери создавани во изминатите времиња.

Со прекини, со различен интензитет на истражувачките кампањи, но сепак, континуирано, со децении траеше непоштедната битка со земјените, со камените слоеви, со скудните услови за живот и работа, со секојдневната борба со водите, ветриштата, жегата, со лијаните, змиите и пустелијата.

Островот бил и живеалиште, и погребиште, и свето место, и испоснички амбиент како од Бога создаден за искушеничко тиховање. Како во временска капсула во него се закопани и втиснати случувањата од минатото на ова парче копно среде водите.

Еден по еден се исчитувани записите од праисторијата, раната и доцна антика и средновековието. Месното население во колективната меморија го сместила овој остров во имагинарниот свет на легендите и преданијата.

Островот со површина од 21 ха (600 х 350 м) сега е оддалечен од брегот на Преспанското Езеро од 3-5 км, додека неговите брегови над по-

вршинските води, во последниве години се издигаат до 40 м. Сето тоа е во зависност од цикличното спуштање и подигање на нивото на езерото. Овие амплитуди се многу големи и се компатибилни со климатските промени на земјата во изминатите геолошки ери. Се смета дека во најоптималните, влажни периоди нивото на водата било повисоко за 80 м.

Доцнонеолитската керамика која е најдена во фрагменти, сведочи за повремено присуство на луѓето, веројатно рибари, од крајот на младото камено време.

Нешто поинтензивно се среќава бронзенодобската и железнодобската садова керамика, но, исто така, спорадично, а не во населбински контекст.

Во периодот на раната антика, кога островот бил, најверојатно, дел од територијата на Орестидите, најдени се траги од постојани живеалишта, од куќи и некрополи.

Движниот материјал од хеленистичкиот период се состои од покривна, складишна, огнишна и трпезна керамика, монети, ситна пластика и предмети за секојдневна употреба. Накитот (фибули, ѓердани, прстени, мониста, приврзоци) зазема особено место како по својот квалитет, така и по хронолошката определба. Тој е застапен со примероци уште од архејскиот период. За одбележување се, и по бројноста и по провениенцијата, како и според археолошкиот контекст (во затворени гробни целини) лачните фибули со шарнир од малоазиски тип. Ги има 17 на број. Датирани се од VI в. до II век пр. н.е.

Од средината на IV в. пр. н.е., од најбогатиот хеленистички *Гроб бр. 150*, покрај другите луксузни предмети, најден е и златниот приврзок со лавовска протома на аверсната и втисната шеснаесеткрака ѕвезда на реверсната страна (pp. 167–170).

Скромните живеалишта од постарите епохи, во римско време се заменети со солидно ѕидани куќи согласно со достигнувањата и принципите на римското градежништво. Во тоа време островот добива и цистерна за водоснабдување.

Културните влијанија во Големата Римска Империја, непречено циркулирале и овде. Најевидентно тоа се потврдува преку нумизматичкиот фундус. Од откриените 170 монети, дури 85 се со доцноантичка провениенција.

Во ова време – невреме, кога Римската Империја одумира сама од себе, заради истрошеноста на општествено-економскиот модел, кога ја парчосуваат агресивните, варварски продори, а ја тиштат и духовните превирања и расправи, свое прибежиште на островот наоѓаат поголем број жители. Тоа е посведочено преку погребиштата. Од откриените 170 гробови од сите епохи, 70 се од периодот IV-VI век н.е.

Епохата изобилува и со бројни фрагменти од садова керамика, главно за секојдневна употреба, било како населбински наоди или во својство на гробни прилози.

Римскиот накит е впечатлив и разновиден. Од првата половина на I век потекнува фибула од типот *Aucissa*, се среќаваат две фибули што наликуваат на *легионерските,* една од *луковидните* и две со *подвиена нога* од доцната антика.

Во *Гробот 49* најдени се тока и железен држач за торбичка како додатоци од колантот на војничка облека од V-VI век. Токата од типот *Cyçidava* е, исто така, војничка ознака за појас датирана помеѓу 550 и 600 година.

Наушниците иако малубројни, се застапени со највпечатливите доцноантички форми. Најлуксузни се парот златни лунулести примероци од ажуриран филигран од *Гробот 42*. Единечната, сребрена наушница со додаден коскен приврзок, веројатно служела како амулет во детскиот *Гроб 1*.

Чифтот бронзени наушници со полиедарска глава и неколкуте наоди на наушници со кошничка се дел од доцноантичкиот репертоар кој е мошне омилен и кај другите народи (особено германските) од периодот на *Големата преселба на народите* од V-VI век. (pp. 183–189)

Ѓерданите од разнобојни и разнообразни стаклени мониста и килибар се, исто така, омилен дел од *меѓународната* мода на доцната антика.

Реткоста на белезиците во наведениот период се потврдува со присуството на само еден, откршен дел со змијолик завршеток.

Паганските обичаи и култови се напуштаат веќе од првите децении на IV век, кога христијанството постанува општо прифатена религија. За тоа сведочат и двете ранохристијански цркви.

*Ранохристијанската црква бр. 1* е еднобродна со 4 странични *анекси*, околу која се протега и некропола од V и VI век.

Во јужниот анекс има траги од баптисмалниот чин, додека пред олтарниот простор е зачуван дел од мозаик во *опус тессалатум*, секако, дар од скромен дедикант од овие простори. Монетата на Аркадиј (383-388) најдена на олтарниот под ја датира изградбата кон крајот на IV – почетокот на V век.

Како *Ранохристијанска црква 2* е насловена еднобродната капела со нартекс и полноѕидана апсида откриена во централниот дел од островот. И по своите димензии, и според градбата, таа е со поскромен квалиатет. Монетата на Теодосиј I (388-392) ја датира и оваа градба кон крајот на IV или почетокот на V век.

Населбата живуркала до почетоците на VII век за потоа да настапи хијатусот без археолошки остатоци и без живот кој траел сè до IX век.

Културните слоеви одново се јавуваат во доцниот IX век, но не како населбински, туку како гробишен комплекс и монашко обитувалиште.

Некрополата која егзистирала до доцниот XIV век, покрај гробовите на монаси и црковни лица, содржела и гробови на околното месно население, коишто во склад со христијанските норми содржат накит и додатоци на облеката, како и монети во својство на *Харонов обол*.

Меѓу наушниците откриени се пораните форми од крај на X и првата половина на XI век од типот со четири јаготки и компилација од гроздолики со лунула во горниот средишен дел. Во *Гробот 160* откриен е пар сребрени наушници со висечка низа од по три шупливи јатки во долниот дел за коишто најблиски аналогии се наоѓаат на фреско живописот од Св. Пантелејмон – Нерези од 1164 година.

Од подоцнежниот период потекнуваат наушниуци од типот *Курбиново*, како и со една со вертикално поставена јаготка.

Како гробни или вонгробни наоди се откриени и неколку средновековни прстени.

Копчињата, како делови од порепрезентативна облека се откриени во форма на луксузни, ажурирани, филигрански примероци; но и како топчести, поситни или биконични, покрупни, шупливо лиени со ушка за пришивање.

Натписите се среќаваат во разни облици и материјали. Така, антички натпис е втиснат во тегула од коринтски тип од II в. пр. н.е.

На карпите биле испишани со боја и натписи со христијанска содржина и симболика. Едниот од нив напишан на грчки јазик од XV век е зачуван и објавен, додека кириличниот, откриен кај Св. Никола за кого зборуваат Иванов и Цвииќ, денес не се гледа. Дел од фреско со зачувани фрагменти од натпис (XIV век) отркиен е кај црквата Св. Димитрија.

Оловните ампули за чување на свето миро, (најчесто со ликовите на Св. Димитрија и Св. Теодора) најдени во склоп на црковните комплекси зборуваат за монасите и ходочесниците – аџии во светите христијански места.

Црквата Св. Димитрија иако сосема разурната, од месното население е запаметена и чествувана под името на овој светец сѐ до денес.

Од исто време потекнуваат и црквата Св. Никола, вградена во римската цистерна, како и онаа на локацијата Влаија (Влахија).

Живописувањето на овие цркви е извршено во XIV век кога кулминира и духовниот живот на островот. Патем, во втората половина на XIV век ова место е во посед на Димитрија Волкашин и на Крале Марко.

Фреско живописот, за жал е зачуван само фрагментарно.

Сепак, токму една претстава од јужната фасада на црквата Св. Петар е она без што не може да се замисли посериозна научна синтеза за рановизантискиот период.

Имено, тоа е сцената од *Богородичиниот акатист* под наслов: *Опсадата на Цариград*, која според академик Грозданов кој најстудиозно ја промовирал во науката, ја прикажува хронолошки најстарата и единствена претстава од овој вид.

Тоа е илустрацијата на *Големата опсада на Цариград* во 626 година, за време на владеењето на василевсот Ираклиј и патријархот Сергеј. Настанот е опеан и познат во историските извори од Георгиј Писида и Теодор Синкел, од Велигденската и Анонимната хроника.

Во овие дела детално се опишани настаните за чудесното спасение на Константинопол со помош на Пресвета Богородица како патрон на градот.

За археолозите – медиевисти оваа сцена е првостепен, ликовен извор.

Во науката Голем Град е познат од 1898 година кога за прв пат го посетил и опишал (1899) рускиот учен Милјуков. Од почетокот на XX век следи плејада од научници – намерници кои доаѓаат во посета на островот: Иванов, Бошковиќ, Злоковиќ, Кнежевиќ, Јовановиќ, Максимовиќ, и потоа Грозданов и Битракова-Грозданова...

Во меѓувреме, монахот Калист, како пустиножител се подвизувал таму во 1924, за подоцна, во 1939 година, како старешина на преспанските манастири да ги иззида северниот ѕид и покривот на црквата Св. Петар.

Од 1967, со помали или поголеми археолошки и конзерваторски работи, академик Вера Битракова-Грозданова со бројни генерации археоло-

зи, конзерватори, архитекти, лингвисти, сликари, документатори, фотографи, ботаничари, зоолози, студенти, геометри, ѕидари, работници и други знајни и незнајни дејци, успеа да му ја врати хармонијата и сјајот на овој бесценет камен од ризницата на ареолошки, историски, уметнички, етнолошки и еколошки споменици од Македонија.

Монографијата *Голем Град – Преспа* штотуку постанува хрестоманија за материјалната и духовна култура на овие простори за времето од неолитот преку антиката и средновековието до трансформациите во народните преданија.

Изработена многу професионално, со научна акрибија и стилска грамотност, оваа монографија покажува дека ваквите дела се, навистина, големи дела.

*Проф. д-р Елица Манева*
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

СВЕТЛАНА ЛОМА, *Клаудије Гал и Северови нови сенатори.* Истраживања из епиграфике, просопографије и римске политичке историје деведесетих година II века, Београд, 2010, pp. 355.

Нема никаков сомнеж, дека владеењето на Септимиј Север е значаен период од времето на Римското царство. Меѓутоа, врз основа на историографските извори, во прв ред биографијата на Север во *Historiae Augustae*, повеќето од современите научници долго време го прикажувале неговото владеење во негативно светло. Со просопографските истражувања во последните педесетина години во голема мера се поправа тенденциозниот приказ во наративните извори, а со тоа и кај современите научници. Еден од клучните проблеми при оценувањето на владеењето на Септимиј Север е неговиот однос кон сенатот, односно прашањето дали неговиот став кон сенаторите бил во потполност непријателски, и кои биле принципите врз кои ова тело било пополнувано во времето на неговото владеење; но и врз кои начела биле доделувани најважните заповеднички места во провинциите. Токму тоа е прашањето што Светлана Лома се обидува да го одгатне во оваа книга. До одговорот на ова прашање авторката се обидува да стигне со анализа на кариерите на петнаесет блиски соработници на Септимиј Север.

Во уводниот дел од книгата (9–36), авторката дава преглед на мислењата и на главните проблеми поврзани со односот на Север кон сенатот; потоа следува еден концизен и јасен преглед на начелата врз кои почивало пополнувањето на сенатот и доделувањето на највисоките функции во времето на Антонините; а на крајот на уводот е дадено објаснување за методологијата што ја применува при изборот на петнаесетте соработници. Оваа група е намерно ограничена само на оние што, пред да бидат избрани за конзули, извршувале барем една преторска функција од 193 г. н.е., односно од времето кога Север завладеал со Рим. Како што заклучува С. Л., станува збор за приближно половина од посведочените, а четвртина од вкупниот број на легати во конзуларните провинции, што може да се земе како репрезентативна бројка. Поглавјето е дополнето со список на легати-